Архивски знак: 0202
Рок на чување
28.12
Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 02-757/2
28.12 2020 год.
СКОПЈЕ

# ДВЕГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ

Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје (во понатамошниот текст: ФБЕ) нуди висококвалитетна образовна програма и во целост ја имплементира ***визијата*** на Стратегијата за образованието за 2016-2020 година на Република Македонија, која се залага да обезбеди "...современи програми што овозможуваат идните генерации да се стекнат со знаења, вештини и компетенции согласно потребите на демократско мултикултурно општество, пазарот на трудот и новите предизвици во глобалниот научно-технолошкиот амбиент".

Целите и задачите на Програмата за развој на ФБЕ за 2021-2023 произлегуваат од најзначајните предизвици во високо образовниот систем и се во согласност со целите дефинирани од страна на клучните документи поврзани со пристапниот процес, а потпишани од страна на ЕУ и Република Македонија и усвоен од страна на Владата.

Така, нашите цели се насочени кон постигнување на следните цели:

1. **Подобрување на искуството во текот на студирањето и успешно дипломирање на студентите**
2. **Континуирано подобрување на квалитетот на студии што се реализираат на ФБЕ**
3. **Градење соработка со високобразовните, истражувачки инситуции и бизнис заедницата на национално и меѓународно ниво**

Врз основа на вака поставените цели во рамките на двегодишната програма за развој се предвидуваат активностите кои ќе бидат преземени за реализирање на поставените цели, како и индикаторите кои ќе бидат користени за мерење на прогресот и успехот, но и утврдениот таргет неопходен да се постигне истото.

**Цел 1: Подобрување на искуството во текот на студирањето и успешно дипломирање на студентите**

Во текот на високообразовниот процес клучно е студентите да ги зајакнат своите потенцијали и да се стекнат со вештини кои се бараат на пазарот на трудот што ќе им овозможи успешно справување со предизвиците и можностите со кои ќе се соочат во иднина.

| Цел 1: Подобрување на искуството во текот на студирањето | |
|---|---|
| 1.1. | Подобрување на наставните планови со современа теми и практики кои ќе им помогнат на студентите полесно вклучување во бизнис заедницата |
| 1.2. | Создавање услови за поголема студентски активности |
| 1.3. | Континуирано обновување на библиотеката со нова литература |
| 1.4. | Зајакнување и проширување на мрежата со странски универзитети |
| 1.5. | Проектни активности (истражување) |
| 1.6. | Постојано подобрување на наставната програма со нови содржини |
| 1.7. | Реализирање на студентската пракса во бизнис секторот |
| 1.8. | Засилување на партнерството со бизнис заедницата, индустријата и институциите од јавниот сектор |
| 1.9. | Континуирана внатрешна евалуација на наставниот процес |
| 1.10. | Подобрување и поголема промоција на онлајн пристапот до електронските наставни материјали |
| 1.12. | Зголемување на бројот на меѓународна мобилност на студентите и наставниците |

| Индикатори кои ќе се користат за мерење на прогресот и успехот на Цел1 |
|---|

| Активност | Индикатор | Таргет |
|---|---|---|
| 1.1. | Промоција на современите наставни методи | Најмалку уште 1 интегриран наставен предмет, покрај ИБП1 и 2 |
| 1.2. | Бројот на одржани работни студентски состаноци | 4 состаноци годишно на Студентската организација |
| 1.3. | Распределување на фонд за стручна литература | Најмалку 20 книги, нова, стручна литература |
| 1.4. | Број на странски универзитети | 4 нови ефективни партнерства годишно |
| 1.5. | Зголемување на % на студенти кои ќе учествуваат во проектни/истражувачки активности | 10% од вкупниот број на студенти |
| 1.6. | Посета на предавачи од бизнис заедницата | Бројот на одржани гостувања/ клинички настава, најмалку 1 месечно |
| 1.7. | Онлајн Извештаи на социјалните мрежи | Facebook, FBE web страна |
| 1.8. | Бројот на реализирани пракси во компаниите со кои ФБЕ има соработка | Најмалку 60% од вкупниот број на пракси |
| 1.9. | Бројот на состаноци со стејхолдерите | Остварени 10 состаноци годишно |
| 1.10 | Архива со маил адреси и ефикасна служба за студентски прашања | Маил пораки, Извештаи објавени на огласна табла, годишен извештај за работа на службата |
| 1.11. | Студенти/наставници кои направиле ЕРАЗМУС+ | Искористеност на грантот најмалку 90 % |

**Цел 2. Континуирано подобрување на квалитетот на студии што се реализираат на ФБЕ**

Обезбедување на квалитетна настава е темелот на успешен образовен систем на секоја земја и институција. Затоа улогата на ФБЕ кадарот (менаџерите, наставниот кадар и административниот кадар) е од суштинско значење за засилување на капацитет на нашата високообразовната институција, но и за подобро доставување на високо квалитена услуга за студентите.  Од друга страна, квалитетот на наставата е критичен фактор за одржливи и подобрени резултати во нашата институција, која треба да инволвира високи стандарди и да се заснова на силна национална и меѓународна репутација.

| Цел 2: Континуирано подобрување на квалитетот на студиите | |
|---|---|
| 2.1. | Развој на релевантни ресурси (статут, правилници, упатства, планови, стратегии, решенија,  информации за кариера, работни групи, комисии и др.) во согласност со интерните акти и Законот за високо образование (ЗВО) |
| 2.2. | Развој и поддршка на ресурси за развој на научно истражувачка работа |
| 2.3. | Поддршка и координација на стратегијата за запишување на нови студенти |
| 2.4. | Поставување на работни групи со фокус на ФБЕ активностите |
| 2.5. | Поддршка за професионален развој на наставниот кадар согласно ЗВО |
| 2.7. | Спроведување на евалуација за квалитет на настава |
| 2.8. | Развој на политики за поддршка на професионалниот развој на наставниот кадар во однос на достапност на ресурси, вклучувајќи ги и финансиските, на краткорочно и долгорочно ниво |
| 2.9. | Поттикнување и поддршка на промотивни иницијативи, вклучувајќи ја финансиската поддршката за промоција |

| Индикатори кои ќе се користат за мерење на прогресот и успехот на Цел 2 | | |
|---|---|---|
| **Активност** | Индикатор | Таргет |
| 2.1. | Број на одржани состаноци на Наставнички совет (НС) и наменски формирани работни групи (РГ) | 10 настравнички совети и формирани 5 работи групи |
| 2.2. | Број на публикување на Списанието за одржлив развој | 2 редовни броја и 1 специјален број |
| 2.3. | Стратегија за "отворен ден" за запишување на студенти | Во текот на месец мај |
| 2.4. | Бројот на интерни работните групи | Најмалку 5 работни групи |
| 2.5. | Бројот на донесени одлуки за посети на конференции и финансиска компензација за тоа | 1 одлуки годишно, во износ од најмногу од 500 евра |
| 2.6. | Извештај за евалуација на квалитетот на наставниот час и Извештај на наодите од анкетата на студентие | Годишна евалуација со извештај |
| 2.7. | Бројот на промотивни настани и изложеност на клиентите и Извештај за исплатени сретства за промотивната кампања | 10 посети во средни училишта во Скопје, дополнително 5 во други градови во Македонија, вкупен износ на маркетинг кампања 6000 евра |
| 2.8. | Број на проекти и Финансиски поддршка за нови проекти | 2 проекти годишно, финансиска поддршка за секој нов проект во висина од 50% од платата на наставниот кадар кој го обезбедил проектот |

**Цел 3. Градење соработка со високобразовните, истражувачки инситуции и бизнис заедницата на национално и меѓународно ниво**

**Продуктивната соработка со високобразовните, истражувачки инситуции и бизнис заедницата на национално и меѓународно ниво** преставува силен потенцијал за промоција на ФБЕ, како и за решавање на предизвиците со кои се соочуваат студентите непосредно по дипломирањето. Од една страна, за бизнис заедницата тоа значи решавање на проблемот со потребниот талентиран и квалификуван кадар, кој поседува вештини и знаење соодветни за успешно работење на компаниите. Од друга страна, образованието, кое е и продолжува да биде срцето на успехот, само преку современи програми и практики и иновативно работење ќе може да одговори на тие предизвици. Затоа, градење силни мостови со бизнис заедницата за ФБЕ значи и иницирање покани за соработка со реномирани меѓународни предавачи и успешни практичари, со цел да се осигураат квалитетни стандарди и најдобри меѓународни практики за студентите. Се разбира, позитивни ефекти од оваа соработка се одразуваат врз општествениот развој на една економија, но и врз рамнотежата во поширокатa меѓународна заедница.

***Прогресот*** кој ФБЕ ќе го направи со оваа цел вклучува: подготвување подобри наставни програми, воведување нови предмети во образовани, во моментот кога ќе се прават реакредитации, развој на силен ангажман на претприемачите за да одговорат на бараните вештини, меѓународни истражувачки проекти и соработка која ќе ни помогне нас да ги подобриме нашето меѓународно искуство и достигнување во нашите услуги на образование и едукација.

Во двегодишниот период ќе се подобри методологијата во наставниот процес, и ќе се подобри комуникацијата и соработката со компаниите со цел перспективна модификација на дел од наставните програми, согласно реалните потреби на пазарот на трудот, како и обезбедување на ефикасна пракса на студентите, во насока на подобрување на нивните знаења и вештини.

За да ја постигнеме оваа цел ФБЕ ќе ги реализира следните активности:

| 4. Цел 3: **Градење соработка со високобразовните, истражувачки инситуции и бизнис заедницата на национално и меѓународно ниво** | |
|---|---|
| 3.9. | Работа со експертски групи поради сознанијата за идниот модел на барани вештини |
| 3.10. | Идентификување и воспоставување на соработка со соодветни меѓународни партнери за да се овозможи зголемување на капацитети на ФБЕ |
| 3.11. | Поттикнување на иницијатива за соработка со бизнис заедницата поради достапност на информации и податоци корисни за подготовка на дипломска работа |
| 3.12. | Поттикнување на студентите да ја искористат можноста за пракса во странски компании, и да стекнат искуството на меѓународна бизнис средина |
| 3.13. | Реализирање на стратегија за привлекување на меѓународно истакнати истражувачи и предавачи (вклучувајќи ја финансиската поддршка за нивниот престој и компензацијата за одржано предавање) |
| 3.14. | Зголемување на базата со податоци на студенти/ наставен и административен кадар за кои земале грандови од ЕРАЗМУС+, со цел да се опфати поголем број на лица кои ќе се стекнат со меѓународно искуство и практики |
| 3.15. | Спроведување на cost benefit analysis поради интернационализација на нашата програма со цел да се подобри нашата финансиска состојба од студенти од странство кои ќе студираат кај нас |

| **Индикатори кои ќе се користат за мерење на прогресот и успехот на Цел 3** | | |
|---|---|---|
| **Активност** | Индикатор | Таргет |
| 3.6. | Вклучување на проактивни членови од бизнис заедницата во Советот за соработка и доверба со јавноста, од средниот и висок менаџмент | 3 лица |
| 3.10. | Зголемен број на договори за соработка со бизнис заедницата | 10 нови договори |
| 3.11. | Зголемен број на дипломски, со истражувачка работа студии на случај | 10 дипломски со студија на случај |
| 3.12. | Зголемен број на студенти кои биле на практична работа во странство | 3 студенти |
| 3.13. | Зголемен број на странски предавачи | 10 гости-странски професори |

Двегодишната програма за развој за секоја активност предвидува индикатори за мерење на успешноста и одреден минимален таргет. Целата академска заедница на ФБЕ ќе биде фокусирана да ги реализира овие активности и да ги постигне поставените таргети во насока на постигнување на развојните цели кои во крајна линија се насочени кон поквалитетно високо образование.

Директор,
д-р Биљана Ѓозинска